Коле Манев



# ЦЕЛ ЖИВОТ ЕДНА







Слики од последната изложба во салонот „Матица ексклузив“

*- На времето јас почнав да го сликам подраматичниот талог од годините што изминаа. Но по еднаш исцрпеното, почнува ослободување и сосема природно е што во моите последни дела има промена во колоритот и цртежот – вели уметникот за делата на својата најнова изложба*

СЛИКА

**Пишува: Румена Равановска-Тулбевска**
**Фотографија: Игор Тодоровски**

Ликовната хармонија во делата на Коле Манев повторно ја предизвикува почитта на домашната јавност. Триесетина масла на платно со неговиот потпис, создадени во текот на оваа година во Лазарополе, една од неговите две духовни икони (другата е неговото родно село Бапчор), се изложени во галерискиот простор на „Матица ексклузив“. Има и неколку цртежи, направени во Егејот, бидејќи сликарот му останува верен на своето настојување на сите свои изложби некои од делата да имаат нишка со неговиот роден крај. Верен на себеси Манев во овие дела останува и кога се работи за темите и мотивите. Како што ќе објасни самиот тој, тие остануваат исти - човекот вчера, денес и утре во состојба на акт - но веќе има значителни измени во бојата, во колоритот.

- Во овие слики тие се позвучни, а цртежот во сликите полежерен, поразигран што не беше случај досега – вели уметникот, обидувајќи се да објасни на што се должи таа свежина во боите и игривоста на ликовите.

- Во моите слики изработени пред 20 или 30 години владее поизразита драматика, личностите, актовите се обвиткани во ликовно сивило од кое извира извесна состојба на неспокој. Телата се згрчени, а ликовите набиени со внатрешна неизвесност. Така изработените слики беа моја внатрешна потреба, тие како такви требаше да излезат од мене, поинаку не можеше. Сликањето е исцелување, низ него се празниме, се ослободуваме од сè што низ годините се натрупало во нас. Тоа не значи дека тоа треба да бидат само трауми, фрустрации или мрачни сеќавања од детството. Животот е полн и со повесели, поведри настани. Секој од нас го носи својот животен товар - кај некои тој е полесен, кај други потежок! Секој автор, творец почнува од таму од каде што тој мисли дека му е најпотребно. Јас почнав да го сликам подраматичниот талог од годините што изминаа. Но по еднаш исцрпеното, почнува ослободување и сосема природно е што во моите последни дела има промена во колоритот и цртежот во самата слика. Во ателјето имам слика „мртва природа“, која датира од студентските денови при Ликовната академија во Белград. Боите од сликата се многу слични со тие од сликите што ги изложувам сега! Од каде сличноста не знам, можеби од таму требаше да почнам, можеби работата, сликањето е круг кој ве носи таму од каде што сте тргнале.

## Актот – вечна тема

Во светот на уметноста Манев тргнува во шеесеттите години кога го завршува Средното уметничко училиште во Скопје, а потоа и првиот степен на Ликовната академија во Белград. Се враќа во Скопје и се вработува во Македонската телевизија како режисер и оттогаш филмската и ликовната се двете уметности кои ја одбележуваат неговата творечка кариера. Во 1967 година заминува во Париз, каде што почнува интензивно да слика, па повторно се враќа во Скопје на истото работно место. Во 1984 ја напушта работата и до денес опстојува како слободен уметник. Актот, голите човечки фигури, претставени во една многу специфична состојба на постојана психичка пресија, ликовно стануваат „негови предмети“ некаде од 1986 година и до денес остануваат негова преокупација.

- Актот отсекогаш ме пленеше повеќе од пејзажот или мртвата природа. Во уметничката школа се восхитував на ренесансните мајстори, особено на Микеланџело и од тој период имам негови цртежи, копии, на ликови и тела од Сикстинската капела. Тоа значи дека актот бил и останува не само моја ликовна преокупација туку, би рекол, опсесија. Во ликовната историја актот е вечна тема. Живеам во непосредна близина на археолошкиот локалитет Тумба-Маџари, каде што е пронајдена скулптурата Големата мајка која е из-



"Одамна работам како слободен сликар и се сметам за среќен човек поради тоа".





работена пред шест или седум илјади години и е во состојба на акт. А од каде доаѓа присуството на актот низ целата ликовна историја тешко е да се објасни. Сите ние доаѓаме на овој свет како актови, голи, другото е костимографија. Со сликањето на човекот во состојба на акт можеби најповеќе се доближуваме до самиот човек, до самите нас, односно до ликовната суштина од нашиот реален или иреален свет. Но не треба да се подразбере дека тие кои сликаат пејзаж или мртва природа не трагаат по истата суштина.

## Филмски слики

Филмот е втората опсесија на Манев, во еден период, вели, можеби и прва. Тоа е единствената работа за која би го напуштил ателјето и тоа го правел со години. Има остварено бројни филмско-документарни проекти, а неговиот филм „Тулгеш" се вбројува во историјата на македонскиот документарен филм. Манев вели дека иако можеби така изгледа, никако не го напуштил филмот и дека сè уште сонува да сними игран филм.

- Во последните десетина години имам напишано шест сценарија за игран филм, од кои четири понудив во Филмскиот фонд, но за жал сите беа одбиени. Две имам дадено кај француски продуценти. Не сакам оваа моја работа да остане анонимна, па решив да ги издадам во форма на книга. Има многу сличност меѓу филмот и сликарството. Секој филм треба да поседува ликовни вредности, бидејќи станува збор за слика, подвижна или статична.

Коле Манев има голем опус на создадени дела. Има реализирано близу 20 самостојни, а учествувал и на многу групни изложби и е добитник на најзначајните ликовни награди кај нас. И денес работи интензивно, длабоко убеден дека секој сликар сепак цел живот слика главно една слика.

- Токму така, мислам дека сите ние сликаме една иста лична слика, во разни варијации. Примерот со сликата од студентските денови го потврдува тоа. Секогаш велам - наредната слика или изложба ќе биде таа вистинската! Кога тоа ќе се случи повторно се појавува дилемата - не била оваа, туку наредната! Работата и трагањето по ликовни вредности исполнува, плени. Некои ќе постигнат повеќе, некои помалку, но и во едниот и во другиот случај задоволството е присутно.

Тој никогаш не се покајал што одамна избрал да биде слободен уметник. Таквиот статус во средина како нашава често го соочува уметникот со многу егзистенцијални проблеми, но крајниот впечаток е дека тоа е сепак среќен избор.

- Тоа е тешко од една страна, но од друга професијата за која сме се врзале ни вели да останеме во ателјето, да сликаме. Тој што решил да работи како слободен уметник во мала средина неминовно поминува низ периоди на несигурност за гола егзистенција. Јас имав среќна околност да сум во пријателски односи со одредени личности или семејства, љубители на ликовната уметност, кои во некои околности се појавуваат како мои мецени. Од седумдесеттите години работам како слободен сликар и понекогаш кога се свртувам малку назад, себеси се сметам за среќен човек.

## Духовни икони

- Бапчор и Лазарополе се моите духовни икони. Кога сум во Лазарополе - Бапчор е покрај мене, кога одам во Бапчор мислам на Лазарополе. Овие две многу слични места во мене не можат едно без друго. Тие се дар од мојот животен пат, често трагичен, често различно од тоа.

## Тротоарот на Монмартр

Во животниот и уметничкиот пат на Коле Манев многу значајно место има неговата париска приказна, која почнува во седумдесеттите години. Во неговите чести повеќемесечни престои во светската метропола на уметноста, на почетокот за прво работно место го добива тротоарот на Монмартр. Подоцна работите се менуваат.

- Мојата париска, француска приказна е прекрасна. Половината од тоа што сум денес им го должам токму на тој град и на таа држава. Во Париз заминав во 1967 година како „ликовен-гастарбајтер". Не беше лесно, но лека-полека работите се редеа, таму почнаа да ми се случуваат и моите први самостојни изложби. Париз е град во кој убавото и грдото се едно покрај друго. Прашањето е што ќе одберете. Мојата париска приказна продолжува и денес (сега таму има свој галерист, н.з.), секоја година најмалку еден месец во годината



Поддршка и заемно почитување: Коле Манев со потесното семејство



Спомен од првата заедничка средба на семејството Манев, претходно раселено низ светот



Во Лазарополе, едно од местата каде Манев ги создава своите слики

## Егејската сага

Коле Манев (1941) е роден во селото Бапчор, Егејска Македонија - Грција. Во родниот крај ги живее првите осум години од детството, за потоа зафатен од вителот на Граѓанската војна во Грција да биде префрлен во Романија, каде во повеќе места ќе остане осум години. Семејството повторно се соединува во 1955 година, во Македонија. Овие настани и сеќавања, трауматичната епопеја на неговите родители, соселани и сограѓани, кои немале друг избор освен да талкаат низ светот, долго ќе доминираат во неговото ликовно и филмско творештво (филмот „Тулгеш" е за животот во домот за деца во селото Тулгеш, Романија). - Во моите клучни животни крстосници, професионални или какви било, поддршката и решенијата ги барам во себе, но и во име на тие личности-страдалници чии ликови ги гледам избледени и во сфумато - вели Манев.

поминувам во Париз или во некој друг град од Франција, било поводот да е изложба или едноставно гасење на мојата ликовна жед.

Во семејството на Манев, ќерката Јана Манева-Чупоска тргна по неговиот пат. Таа е сликарка и модна дизајнерка, а синот Игор ја избрал медицината како своја професија. Не сака да прогнозира што ќе избере во животот неговиот внук, двегодишниот Дамјан, за кој вели дека личи само на него и на никого друг.

- Тој е пргаво дете, а и јас сум таков. Инаку, длабоко во себе посакував некое од моите деца да се определи за ликовната професија, но изборот и на синот и на ќерката на нивните професии беше исклучиво нивен. Мислам дека е грев како родител да влијаете врз своите деца за нивниот професионален избор. Јана прво се определи за музика, но набргу посака да се занимава со ликовна уметност. Јас единствено што направив е што ја „зедов" кратко време во ателјето да видам дали има дарба за тоа, а ја има. Инаку, единствениот мој совет за двајцата е само упорно да работат, така се доаѓа до некакво самопотврдување.

Набргу откога ќе стивне возбудата околу оваа изложба, Манев повторно ќе застане пред штафелајот со белото, празно платно пред себе. Нема некакви дилеми, ниту ритуали пред таа рамка што треба да стане слика.

- Не почнувам слика ако претходно не ја смислам во себе и тоа во најситни детали. Секој поинаков начин на создавање слика мене ми е неприфатлив. Ако застанам пред бело платно, а не знам што да сликам, длабоко би се измачувал – вели тој. ■

**За појавата на инстант-ѕвездите на нашата ликовна сцена, како и во други творечки професии, нешто слично како на естрадата, Манев вели:**
**- Ги има, но брзо згаснуваат. Ликовниот јазик е универзален, личното ликовно писание може да го прочита и Французин и Американец и Германец многу брзо, и без превод. Оттука можноста долго да светите без силна ликовна подлога е скоро никаква, тукуречи невозможна. Ова правило важи за сите, тука се ставам и себеси.**



„Го осмислувам секој детал пред да почнам да сликам"